## Резиме на Посебниот план за стопанисување со шуми

## за Шумско Стопанска Единица ,, Плачковица река Ломија ‘‘

## ( 2019 / 2028 година )

Оваа Шумско Стопанска Единица зафаќа површина од 2 453,00 ха, во која влегуваат шуми во државна сопственост, шумско земјиште-голини и површини под патишта-за други намени додека, имотите во приватна сопственост и необраснато земјиште не се земени во состав на овој посебен план за стопанисување со шуми.

*Табела 1. Преглед на површините во државна сопсвеност*

| Тип на земјиште | Шумска површина | Нешумска површина | ВКУПНО | Учество |
|---|---|---|---|---|
| | ха | ха | Ха | % |
| **Шуми** | 2303,20 | | 2303,20 | 93,89 |
| **Шумско земјиште /голини** | 56,20 | | 56,20 | 2,23 |
| **Неплодно земјиште** | | | | |
| **За други намени** | 93,60 | | 93,60 | 3,81 |
| **Се вкупно** | 2453,00 | | 2453,00 | 100,00 |

Шумите заземаат најголем дел од вкупната површина и тоа 2303,00 ха или 93,89 % , шумско земјиште 52,20 ха или 2,23% и земјиштето за друга намена (шумски патишта) 93,60ха или 3,8 %.

*Табела 2. Опис на насадите според форма на одгледување*

| Форма на одгледување | Површина | | Дрвна маса | | | Тековен прираст | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ха | % | $M^3$ | % | $M^3/ха$ | $M^3$ | % | $M^3/ха$ |
| **високостеблени** | 2303,20 | 100,00 | 600526 | 100,00 | 260,73 | 11036 | 100,00 | 4,79 |
| **нискостеблени** | 00,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 | 0,00 |
| **вкупно** | 2303,20 | 100,00 | 600526 | 100,00 | 260,73 | 11036 | 100,00 | 4,79 |

- Насадите по форма на одгледување во оваа Ш.С.Е. се високостеблени и од вкупната површина под шума износува 2303,20 ха со дрвна маса 600 526 м $^{3}$, со вкупен тековен прираст од 11 036 м$^{3}$

*Табела 3. Опис на насадите според форма на стопанисување*

| Начин на стопанисување | Површина | | Дрвна маса | | | Тековен прираст | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Ха | % | М$^{3}$ | % | М3/ха | М$^{3}$ | % | М3/ха |
| **Разновозрасни** | 2188,50 | 95,02 | 589731 | 98,20 | 269,47 | 10678 | 96,75 | 4,88 |
| **Едновозрасни** | 114,70 | 4,98 | 10795 | 1,80 | 94,11 | 358 | 3,25 | 3,12 |
| **Вкупно** | 2303,20 | 100,00 | 600526 | 100,00 | 260,73 | 11036 | 100,00 | 4,79 |

Според формата на стопанисување насадите се поделени на разновозрасни и едновозрасни, сите насади се од природно потекло а само мал дел се вештачки. Разновозрасните заземаат површина од 2188,50 ха или 95,02 % од вкупната обрасната површина, со вкупна дрвна маса од 589731 м$^{3}$ или 98,20 % од вкупната дрвна маса, односно 269,2 м$^{3}$/ха . Тековниот прираст е 10678 м$^{3}$ или 96,75 % од вкупниот, односно 4,88 м$^{3}$/ха.

По однос на составот на насадите во оваа шумско стопанска единица се поделени на чисти и мешани. Чистите насади се застапени како во високостеблените(едновозрасните ) така и во разновозрасните и тоа на површина од 2052,50 ха или 89,11 %. А мешаните зафаќаат површина од 250,70 ха или 10,89 %.

Во однос на очуваноста сите насади во оваа Ш.С.Е. се очувани и деградирани насади непостојат. Поголемиот дел од насадите имаат добар и средно добар, а одредени насади и многу добар квалитет. Стеблата во високостеблените разновозрасни и едновозрасни насади се главно со средно големи и средни димензи, со прави и полнодрвни дебла и со правилни круни.

Поволните услови на месторастење и намаленоста на зоо-антропогениот фактор придонесуваат да во насадите се јавува обилна природна обнова која се среќава во сите развојни фази, има обнова од генеративно потекло, од семе, витална распоредена по групи или единечно. Од семено потекло, обновата е застапена во буковите пребирни шуми во сите фази и се со добра здравстена состојба.

**Општи цели на стопанисувањето**

Според Законските прописи шумите се третираат како добро од посебен општествен интерес. Со третирање на биолошки, технички и производствени функции на шумите се обезбедува трајно зголемување на дрвната маса како и прирастот во квалитет и квантитет кои се неопходни за задоволување на потребите на населението и индустријата која ги користи различните сортименти и производи. Покрај материјалните користи од шумата се задоволуваат и општокорисните функции на шумата, како заштита на почвата од ерозија и загадување, регулирање на водениот режим, развој на туризам и ловтсво, создавање поволни услови за спорт рекреација и одмор, се подобрува патната мрежа со пераманентно одржување на постоечки и планирани патишта се подобруваат средствата за работа при сеча, дотур и превоз.

**Планот за користење на шумите** содржи план за главни сечи, план за проредни сечи и план за користење на други шумски производи.

Главниот принос ке се се реализира по пат на групимично пребирна сеча во стопанските поткласи А3 и Б8 , во одделите 1/а, 2/б, 3/а, 3/б, 4/а, 4/б, 6/а, 7/а, 13/а, 18/а, 18/б, 19/а, 22/а, 23/а, 24/а, 25/а, 26/а, 27/а, 28/а, 29/а, 30/а, 32/а, 35/а, 36/а, 37/а, 40/а, 41/а, 42/а, 44/б, 46/а, 5/б, и 8/б, со што се планира сечив етат од 76 851 $м^3$.

Во насадите кои се подигнати по вештачки пат во стопанска поткласа Ј2 и Ј3 ке се извршат прореди со цел да се подобри квалитетот и целокупната состојба на насадите со површина од 99,10 ха и од тоа треба да се реализира етат од 1057,00 $м^3$.

Вонредниот етат се остварува со прочистување на трасите за изградба на патишта и противпожарни просеки по што ке се реализира етат од 3920,00 $м^3$.

**Вкупниот редовен и вонреден етат за 10 години изнесува 81 828 $м^3$.**

*Табела 4. План за користење на други шумски производи*

| Вид на производ | Количина Кг | Цена 1кг/ден | Вкупно денари |
|---|---|---|---|
| **Габи** | 3 000 кг | 150 ден | 450,000 |
| **Различни чаеви** | 2 000 кг | 35 ден | 70,000 |
| **Вкупно** | | | 520.000 |

На подрачјето на оваа ШСЕ главни видови на недрвни производи кои се атрактивни за употреба се габите, мегу кои 1. Вргањ, 2. Буковка 3. Смрчак, 4. Срндак, 5. Лисичарка, 6. Капини, 7.Боровинки. Најчесто се употребуваат за конзумација од страна на локалното население, а дел имаат и комерцијална употреба.

Дел од недрвните производи се со употреба во фармацевската и козметичката индустрија 1. Камилица, 2. Мов, 3. Кантарион, 4. Мајчина душица, 5. Врбика, 7. Мечја шапа, 8. Сремуш (див лук )

Во период од 2019-2023 година извршено е пошумување со садници од дуглазија, ела и смрча во одделите 6/а, 21/а, 24/а, 21/а, 24/а, 18/а, 25/а,13/а на вкупна површина од 7,95 ха. Извршено е потсејување со елово семе во одделите 3/а, 4/а, 5/а, 6/а, 23/а, 7/а на вкупна површина од 22,50 ха.

Во изминатиот период во оваа шумско стопанска единица не е евидентиран шумски пожар.

Во оваа ШСЕ шумската покровност е стабилна и не се практуваат чисти сечи, досегашното стопанисување не укажува опасност од појава од ерозија и појава на ризик за постојните водни извори, водни текови.

Патиштата не се забранети за посетители освен во одделите во кои се вршат шумски активности и во период на забрана за движење во шума прогласена од МЗШВ или друг повисок огран поради опасност од пожари или друга причина кога сите шумски патишта се забранети за употреба за рекреативни или спортски намени.

**Шуми во кои не се дозволува напасување на добиток**

Добитокот може да направи големи штети врз младо подигнатите култури и поникот на насадите, со што би се оневозможила обновувањето или подмладувањето на шумите. Според член 52 од Законот за шумите се забранува пасење на добиток во шума. Во ШСЕ

постои потенцијална опасност, поради фактот дека има поголем број на добиток (овци, говеда) во овој регион и се врши испаша на истиот. Поради ваквата состојба, стручните лица од ова шумското стопанство во иднина во рамките на оваа ШСЕ на видни места потребно ќе поставaт табли со натпис “Забрана за напасување на добитокот” и ќе преземат други соодветни мерки за заштита на шумите од напасување на добитокот (зголемена чуварска служба, едукација на сточарите, давање совети, опомени, а во најлоши случаи и казнување).